ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - 5386/2*
*28.09.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXIX -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 05.05.2010 година со почеток во 14.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Златко Алексов, директор на секторот за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Виолета Петровска, директор на секторот за контрола (делумно присутна);*
- *Кристина Христова, ВД директор на секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Лила Коџоман, раководител на одделението за дежурна и мобилна контрола (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXIII-та седница на Управниот одбор одржана на 10.03.2010 година;*

1. *Правилник за овластувањата и начинот на работата на контролата во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Правилник за начинот на пресметување и висината на трошоците за извршена контрола на остварени права од задолжително здравствено осигурување на осигурените лица по барање на странки;*
3. *Правилник за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
6. *Разно.*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова побара дневниот ред да се дополни и со разгледување на: 1. Предлог за изменување на исплатата на месечните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година, за чие спроведување треба да се донесе Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита, и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, 2. Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на Фондот, 3. Одлука за утврдување на формата и содржината на договори што Фондот ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица со која да се утврди формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита за хемодијализен третман и формата и содржината на анекс на договорот со Републичкиот завод за трансфузиологија, 4. Предлог за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, 5. Предлог за утврдување на договорен надоместок за приватната здравствена установа Дијамед од Скопје, и 6. Анализа за реализацијата на средствата од буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - март 2010 година.*

*Борис Јосифовски побара пред Управниот одбор да ја изнесе својата анализа за цените на лековите и маржите на аптеките.*

*Елена Трпковска потоа предложи усвојувањето на записникот од LXXIII-та седница на Управниот одбор одржана на 10.03.2010 година да биде оставено за наредната седница.*

*Управниот одбор одлучи Анализата за реализацијата на средствата од буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - март 2010 година да се разгледува на наредната седница. Останатите предлози ги прифати, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Правилник за овластувањата и начинот на работата на контролата во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Правилник за начинот на пресметување и висината на трошоците за извршена контрола на остварени права од задолжително здравствено осигурување на осигурените лица по барање на странки;*
3. *Правилник за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Предлог за изменување на исплатата на месечните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
6. *Предлог за утврдување на договорен надоместок за приватната здравствена установа Дијамед од Скопје;*
7. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договори што Фондот ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Борис Јосифовски - анализа за цените на лековите и маржите на аптеките;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на Фондот;*
11. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
12. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1*** *- Правилник за овластувањата и начинот на работата на контролата во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Страшо Наумоски побара оваа точка да се симне од дневниот ред бидејќи сеуште не биле надминати недоразбирањата помеѓу Фондот и Лекарската комора во врска со предлог текстот. Наведе оти смета за потребно претставниците на Фондот и Лекарската комора да се сретнат и усогласат како поефикасен начин за разлика од досегашната комуникација во писмена форма.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека Фондот пред да го предложи овој текст ги чекал измените на Законот за здравственото осигурување во кои е даден основ за овој правилник. Забелешките што Комората ни ги достави се во делот на законот.*

*Потоа Страшо Наумоски укажа дека Комората има забелешки и на правилникот по што цитираше некои негови одредби. Нагласи дека Комората ги смета овие забелешки за многу важни па го повтори барањето правилникот да се симне од дневниот ред а претставници на Фондот и Комората да се сретнат и усогласат околу спорните прашања.*

*Останатите членови на Управнниот одбор се согласија со предлогот по што точката 1 - Правилник за овластувањата и начинот на работата на контролата во Фондот за здравствено осигурување на Македонија беше симната од дневниот ред.*

*ТОЧКА 2 - Правилник за начинот на пресметување и висината на трошоците за извршена контрола на остварени права од задолжително здравствено осигурување на осигурените лица по барање на странки*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека Фондот по примерот на Инспекторатот за здравство го изготви овој правилник заради надоместување на трошоците за човечките и материјалните ресурси што се ангажираат за вршење на контролите. Фондот нема да наплаќа за контролите кои ги прави во во вршењето на своите законски надлежности и обврски или по барање на осигурениците. Цените ќе важат за барањата од различни субјекти за вршење на контрола, како на пример работодавачи за своите вработени кои не се во доменот на редовната работа на контролата. Се надеваме дека со воведувањето на ценовник ваквите барања ќе се намалат со што ресурсите на контролата ќе можат да се насочат кон вршење на основната дејност.*

*Членовите на Управниот одбор прашаа дали донесувањето на овој правилник е во согласност со законот а Директорката Парнарџиева - Змејкова одговори потврдно. По ова, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за начинот на пресметување и висината на трошоците за извршена контрола на остварени права од задолжително здравствено осигурување на осигурените лица по барање на странки***

*ТОЧКА 3 - Правилник за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала*

*Директорот Јелникар наведе дека текстот на правилникот е изготвен со користење на искуството на Србија во уредувањето на оваа материја, а во основа е сличен и со правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови. Проблеми се појавуваат со стандардизацијата на помагалата, но наскоро ќе имаме изготвен прв преглед.*

*Членовите на Управниот одбор прашуваа дали овој правилник ќе донесе и финансиски заштеди и дали постои можност Фондот да се растовари од еден дел на трошоците за обезбедување на ортопедските помагала.*

*Директорот Јелникар наведе дека со правилникот се утврдува методоогија а врз основа на таа методологија ќе бидат ревидирани цените на помагалата. Засега немаме направено симулација на цените според предложената методологија за да можеме да кажеме дали ќе имаме заштеди.*

*Виолета Петровска го објасни начинот на утврдувањето на цените според методологијата уредена во правилникот и истакна дека во секој случај новите цени нема да бидат повисоки од сега важечките. Додаде и дека списокот на помагалата е составен дел на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала во кој исто така ќе треба да се извршат измени.*

*По објаснувањата, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*
***Правилник***
***за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала***

*ТОЧКА 4 - Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување на предложените измени даде Златко Алексов. Наведе дека тие се изготвени врз основа на одобрени барања за измени на планот доставени од секторите на Фондот. Измените се однесуваат на позициите „Информатичка опрема (матрични и ласерски печатари, скенери, надградба на системска мрежна инсталација и останата компјутерска опрема)", „Канцелариска опрема"*

*и позицијата „Друга опрема", „Сервисирање на систем за контролиран пристап и евиденција на работно време за централа и подрачни служби со повеќе од 20 вработени и набавка на картици", „Ангажирање работници на определено време преку Агенција за привремено вработување", Се предлага и додавање нова позиција со предмет на договор за јавна набавка „Дополнителни работи во сервер сала", очекуван почеток „април 2010".*

*По објаснувањето Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија предложените измени на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*ТОЧКА 5 - Предлог за изменување на исплатата на месечните надоместоци на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Татјана Лукановска објасни дека од одржаниот состанок помеѓу министерот за здравство, министерот за финансии и претставници од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, произлезе иницијатива за надминување на проблемот со обезбедување на осигурените лица со инсулинска терапија. Станува збор за терапија која согласно Програмата за здравствена заштита што ја донесува Владата на Република Македонија и медицината базирана на докази е задолжителна терапија за лицата заболени со дијабетес. На состанокот е постигната согласност Министерството за финансии да обезбеди дополнителен трансфер од Буџетот на Република Македонија за 2010 година до Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ од 60 милиони денари за покривање на доспеаните обврски на јавните здравствени установи кон добавувачите на инсулинска терапија, којшто ќе се обезбеди со ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2010 година.*

*Заради овозможување на трансферот, стручната служба на Фондот предлага да се изврши измена во Правилникот за критериуми за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, и соодветно промена во месечните надоместоци за јавните здравствени установи кои имаат неподмирени обврски кон добавувачите по основ на инсулинска терапија кај кои е отежнато понатамошното снабдувањето на осигурените лица со оваа терапија. Месечниот надоместок за месец мај би се зголемил за износот на долгот, додека месечните надоместоци за месеците ноември и декември би се*

*намалиле за истиот износ. По усвојувањето на ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2010 година и обезбедувањето на средства за оваа намена, ќе се направи и зголемување на буџетите на јавните здравствени установи, односно нивните месечни надоместоци за ноември и декември ќе се вратат на почетното ниво.*

*Елена Трпковска потврди дека Министерството за финансии по дописот на Фондот, упати допис во кој потврди дека средства за инсулинни ќе бидат обезбедени со трансфер. Наведе и дека не е неопходно таканаречените дванаестинки - месечни износи што се исплаќаат на јавните здравствени установи да бидат еднакви бидејќи потребите од средства се движат различно во текот на годината. Би било добро исплатите да бидат усогласени помеѓу Фондот и јавните здравствени установи.*

*Јасмина Смилевска објасни дека со цел да се овозможи исплатите на месечните износи да бидат со различна висина се изготвени предлог измени на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита.*

*По објаснувањата, заради овозможување месечните износи кои се исплаќаат на јавните здравствени установи да бидат со различна висина, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***

***за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита***

*и*

***Правилник***

***за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита***

*ТОЧКА 6 - Предлог за утврдување на договорен надоместок за приватната здравствена установа Дијамед од Скопје*

*Елена Трпковска побара објаснување на предлогот за склучување на договор и утврдување на договорен надоместок за здравствената установа Дијамед.*

*Лазар Трајчев објасни дека од здружението Нефрон е иницирано склучување на договор помеѓу Фондот и оваа установа заради надминување на проблемите што корисниците на хемодијализа ги имаат со недоволните капацитети за нејзино добивање. Меѓутоа, проблемот е во финансиите па затоа се предлага најпрвин да се склучи договор за 40 осигурени лица.*

*Татјана Лукановска дополни дека на тој начин ќе се постигне лицата од Скопје кои за услугата патуваат во Струга истата да ја добиваат во својот град. За првите два месеци тоа би чинело 4,1 милиони денари.*

*Љубиша Каранфиловски потсети дека услугите од оваа област било предвидено да се обезбедат со јавно - приватно партнерство, па праша дали овој предлог не е спротивен на таа определба.*

*Директорот Јелникар пак додаде дека е помината година откако беше иницирано јавно - приватно партнерство во оваа област но заинтересираните субјекти за започнување на дејноста бараат од самиот почеток зголемување на цената што ја плаќа Фондот за 20%.*

*Љубиша Каранфиловски се согласи дека ако Фондот смета дека склучувањето на договор со оваа установа е потребно заради обезбедување на неопходни услуги за осигурените лица, тоа е оправдано.*

*Лазар Трајчев објасни дека согласно законот не се прави разлика поради статусот на установата која ги дава услугите, односно дали таа е јавна, приватна или во мешана сопственост, доколку од Министерството за здравство има добиено дозвола за вршење на дејноста и доколку ги обезбедува потребните здравствени услуги.*

*Беким Сали наведе дека Министерството за здравство предлага да не се склучи договор зашто врз основа на заклучок на Владата треба да се објави оглас за обезбедување на овие услуги преку јавно - приватно партнерство.*

*Директорот Јелникар нагласи дека станува збор за хемодијализа, што значи услуга неопходна за животот на лицата кои од неа имаат потреба. Друга алтернатива на плаќањето од страна на Фондот е лицата кои од неа имаат потреба, самите да ја плаќаат.*

*Елена Трпковска наведе оти смета дека Фондот нема можност да избира со која установа сака да склучи договор а со која не, а директорот Јелникар потврди дека тоа е така ако установата ги исполнува законските барања и ги прифаќа условите на Фондот.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека со оглед што се прави годишна проекција на буџетот, не е оправдано да се кратат средства на некои здравствени установи за да се вклучат оние кои како нови добиле дозвола. Тие би требало да чекаат за следната година зашто Фондот не може да ги плати сите услуги што здравствените установи можат да ги дадат.*

*Лазар Трајчев наведе дека тоа би можело да се применува кога би се правела долгорочна стратегија врз основа на медицинска мапа и доколку буџетот на Фондот се остварува 100%. Во моментов и во однос на конкретната здравствена установа, Фондот само прифаќа потребни здравствени услуги кои не можат да се добијат во јавното здравство во доволен обем.*

*Елена Трпковска предложи Управниот одбор да го усвои предлогот за утврдување на формата и содржината на договорот кој би се склучил со Дијамед, Фондот како и да ја утврди висината на договорниот надоместок што би го исплатил на оваа здравствена установа.*

*Беким Сали повтори дека Министерството за здравство не го поддржува тоа, а директорот Јелникар пак укажа дека во таков случај Министерството требало да не издаде решение на Дијамед и да каже - не издаваме решение зашто планираме јавно - приватно партнерство.*

*По ова, Елена Трпковска предложи членовите на Управниот одбор по пат на гласање да се изјаснат дали се за предложениот модел на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита за хемодијализен третман, и за одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Дијамед за третирање на осигурените лица со хемодијализа.*

*Елена Трпковска, Страшо Наумоски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски гласаа за предлогот, а Беким Сали гласаше против. На тој начин Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*и*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок***
***што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „ДИЈАМЕД“***
***- СКОПЈЕ за третирање на осигурените лица со хемодијализа***

*ТОЧКА 7 - Одлука за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која ја утврди формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита за хемодијализен третман, и*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на анекс - договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***
*со која ја утврди формата и содржината на анекс договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита - Републички завод за трансфузиологија.*

*ТОЧКА 8 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Кристина Христова наведе дека измената која се предлага да се изврши во одлуката се однесува на додавање на нови заштитени имиња кај неколку генерики. Ова нема да има финансиски импликации туку ќе го зголеми изборот на осигурените лица а кај некои лекови ќе се намали доплатата. Потоа го извести Управниот одбор дека во претходната одлука донесена на 17 март се заблежани две технички грешки и за тоа во Службен весник на Република Македонија ќе биде објавена исправка.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија предложените измени.*

*ТОЧКА 9 - Борис Јосифовски - анализа за цените на лековите и маржите на аптеките*

*Во рамките на оваа точка, Борис Јосифовски пред останатите членови на Управниот одбор ги изнесе своите согледувања за распределувањето на средствата од буџетот на Фондот и средствата што се издвојуваат заради обезбедување на лекови за осигурените лица. Побара стручните служби на Фондот да ја разгледаат анализата и да дадат мислење за предложениот начин на пресметување на маржата на аптеките за кој наведе дека на Фондот може да му донесе заштеда од 33 милиони денари.*

*ТОЧКА 10 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на Фондот*

*Директорот Јелникар објасни дека со измените ќе се овозможи износот на средства кои се неискористени од претходниот квартал од одредени здравствени установи-аптеки, Фондот да може да ги прераспределува на здравствени установи-аптеки по работни единици. Средствата по методологија утврдена во правилникот, ќе се прераспределуваат по подрачните служби каде има значителна разлика меѓу распределените и реализираните средства од претходниот квартал, а за користење во тековниот квартал. Висината на средствата кои се прераспределуваат се определува во зависност од вкупно неискористените средства од претходниот квартал и последните податоци со кои располага Фондот за остварената реализација на здравствените установи-аптеки.*

*По објаснувањето, се разви расправа во која членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а претставниците на Фондот даваа одговори. На крајот, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на Фондот***

*ТОЧКА 11 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за второт, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Татјана Лукановска објасни дека предлог измените на договорените надоместоци за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година на овие приватни здравствени установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита, се врши заради усогласување на бројот на тимовите согласно најновите податоци за склучување на договори, и приватни здравствени установи кои не склучиле договори (рентген дијагности) иако доставиле понуда. Измените на договорените надоместоци не предизвикуваат никакви фискални импликации за Фондот.*

*Беким Сали пак побара оваа точка да се одложи за следната седница а службите за тогаш да изготват поединечно образложение за секоја здравствена установа од која причина се врши измената.*

*Останатите членови на Управниот одбор го прифатија овој предлог, по што предлогот за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година беше симнат од дневниот ред.*

*ТОЧКА 12 - Разно*

*Бидејќи немаше предлози за разгледување под точката разно, по разгледувањето на точката 14 од дневниот ред, во 18.15 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXIX -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***